

Соња  Гаврилова

Светов се настрвил на Македонија

едно мало парче земја,

ама за некои соседи

па и други држави и државички,

примамливо парче за делба.

А ние,  македонците

векoвно славни и паметни

под кожа сме им влезени

нема држава која не сме ја освоиле

секаде не има,

и за сега, и за кога ќе не нема.

Само овие нашиве домоседелци

нека престанат да се лакомат и стрват

за исто и наше,

мудроста и силата

се тандем на – заедно и можеме,

земјата библиска благословена

да ја цениме и со срце да ја сакаме

а нејзините природни дарови

да не ги расфрламе и делиме.